РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Уп1 Бр. 08-225

Скопје 17.08.2022 г.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеи 1 и 10[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), согласно член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), во врска со Предлогот Уп1 бр.08-225 од 03.08.2022 г. од м-р Драгица Љубевска, овластено лице од страна на Директорот на Агенцијата, согласно Овластување арх.бр.03-2528/1 од 27.06.2022 г. и Предлогот Уп1 бр.08-225 од 17.08.2022 г. од д-р Зоран Трајчевски, Директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а согласно Заклучокот, арх.бр.02-3155/2 од 17.08.2022 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 32-та седница одржана на 17.08.2022 година, донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е
**за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување**

СЕ ЗАПИРА покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип, бр.08-902 од 08.07.2015 година, со Предлог Уп1 бр.08-225 од 03.08.2022 година.

## О б р а з л о ж е н и е

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) на 30-та седница одржана на 08.08.2022 година, со Заклучок, арх.бр.02-3032/3 од 08.08.2022 г., го усвои Предлогот, Уп1 бр.08-225 од 03.08.2022 г., за покренување на постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво (ТРД) телевизија ИРИС ДОО Штип, доставен од предлагачот, м-р Драгица Љубевска, согласно Овластување арх.бр.03-2528/1 од 27.06.2022 г. дадено од страна на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски и покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД телевизија ИРИС ДОО Штип, бр.08-902 од 08.07.2015 година, поради тоа што по извршениот редовен административен надзор, во Извештајот арх.бр.05-3026/1 од 01.08.2022 г., беше констатирано дека радиодифузерот во законскиот рок од 30 дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата, не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата.

Во врска со тоа, од страна на Агенцијата на 08.08.2022 г. до погоренаведениот радиодифузер беше испратен Допис Уп1 бр.08-225 од 08.08.2022 г., со кој беше известен дека доколку не го плати годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување на постапка за одземање на дозволата, ќе донесе одлука за

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).

одземање на дозволата за телевизиско емитување. Известувањето Уп1 бр.08-225 од 08.08.2022 г., беше испратено до ТРД телевизија ИРИС ДОО Штип, во писмена форма. Со оглед дека до Агенцијата до моментот на донесување на ова Решение, не е доставена повратница од А.Д Пошта на РСМ за прием на Известувањето (Уп1 бр.08-225 од 08.08.2022 г.), Агенцијата изврши проверка во електронскиот систем - следење на пратки на А.Д Пошта на РСМ преку кој се проверува статусот на пратката, при што беше констатирано дека цитираното известување е испорачано до радиодифузерот на 12.08.2022 г.

На 17.08.2022 г. до Директорот на Агенцијата, од страна на Секторот за финансии и логистика, доставено е Известување арх.бр.05-3026/2 од 17.08.2022 г. дека ТРД телевизија ИРИС ДОО Штип, на 17.08.2022 г. извршил уплата во износ од 103.321,00 (сто и три илјади и триста дваесет и еден) денар, со што радиодифузерот годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување го платил во целост.

Следствено на сето погоре наведено, врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеи 1 и 10 од ЗАВМУ, согласно член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка, во врска со Предлогот Уп1 бр.08-225 од 03.08.2022 г. од м-р Драгица Љубевска, овластено лице од страна на Директорот на Агенцијата, согласно Овластување арх.бр.03-2528/1 од 27.06.2022 г. и Предлогот Уп1 бр.08-225 од 17.08.2022 г. од д-р Зоран Трајчевски, Директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Заклучокот, арх.бр.02-3155/2 од 17.08.2022 г., Советот на Агенцијата на 32-та седница одржана на 17.08.2022 г., одлучи да ја запре покренатата постапка за одземање на дозволата.

Врз основа на погоре наведеното се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- ТРД телевизија ИРИС ДОО Штип;
- Управителот на ТРД телевизија ИРИС ДОО Штип;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за финансии и логистика; и
- Назначените лица во Агенцијата за водење на Уписникот Уп1.